МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

Врз основа на член 58-а, став (12) од Законот за ловството ("Службен весник на Република Македонија" бр. 26/09, 136/11, 1/12, 69/13, 164/13, 187/13, 33/15, 147/15, 193/15 и 83/18), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА БАРАЊЕТО ЗА ПОЛАГАЊЕ НА ЛОВЕЧКИ ИСПИТ, ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА УВЕРЕНИЕТО ЗА ПОЛОЖЕН ЛОВЕЧКИ ИСПИТ КАКО И ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ЗАПИСНИКОТ ЗА ПОЛАГАЊЕ НА ЛОВЕЧКИ ИСПИТ

**Член 1**

Во Правилникот за формата и содржината на барањето за полагање на ловечки испит, формата и содржината на уверението за положен ловечки испит како и формата и содржината на записникот за полагање на ловечки испит ("Службен весник на Република Македонија" бр.93/18), Прилогот 2 се заменува со нов Прилог 2 кој е составен дел на овој правилник.

**Член 2**

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Северна Македонија".

Бр. 50-4227/5
20 мај 2019 година
Скопје

Министер за земјоделство,
шумарство и водостопанство,
**Љупчо Николовски,** с.р.

Прилог 2

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО,**
**ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО**

# УВЕРЕНИЕ

## за положен ловечки испит

На лицето ______________________________________________

роден-а на ____________________ во ____________________

со место на живеење ______________________________________

му - и се издава Уверение за положен ловечки испит.

Овластено лице,

Бр. ________________

Датум ________________ М.П. ________________

потпис